У-6.бр.690/2021
У-6.бр.692/2021

УПРАВНИОТ СУД преку судијата м-р Дитурије Елези Незири - претседател на советот, со записничар Моника Китановска - виш судски соработник, постапувајќи по службена должност за укинување на клаузула на правосилност на решение на овој суд У-6.бр.690/2021 и У-6.бр.690/2021 од 22.07.2021 година, согласно со член 14 став 1 од Законот за управните спорови, во врска со член 323 став 2 и чен 333 од Законот за парничната постапка, на ден 09.09.2021 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Се укинува клаузулата на правосилност на Решението на Управниот суд У-6.бр.690/2021 и У-6.бр.690/2021 од 22.07.2021 година, кое станало правосилна на ден 19.08.2021 година.

О б р а з л о ж е н и е

Со Решение на овој суд У-6.бр.690/2021 и У-6.бр.690/2021 од 22.07.2021 година, тужбата и предлогот за издавање времена мерка на тужителот Влада на Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, поднесени против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки Бр.11-473/6 од 02.06.2021 година, се отфрлаат.

По извршениот увид во решението и списите на предметот, утврдено е дека е сторена очигледна грешка при ставањето на клаузулата на правосилност на Решението на овој суд У-6.бр.690/2021 и У-6.бр.690/2021 од 22.07.2021 година, со констатирање на дата на правосилност на ден 19.08.2021 година, од причина што од увидот во приложните повратници и доставници како доказ за достава на предметното решение до странките на предметот и заинтересираните лица, произлегува дека тужителот Влада на Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, последен го примил решението на 16.08.2021 година, од кога започнал да тече рокот за жалба против истото, кој рок истекувал на 01.09.2021 година.

Со оглед на тоа што тужителот, решението на Управниот суд го примил на 16.08.2021 година, а жалба против истото изјавил по пошта со препорачана пратка на ден 26.08.2021 година, која ја доставил директно до Вишиот управен суд, а кој рок истекувал на 01.09.2021 година, произлегува дека жалбата е изјавена во рамките на законски предвидениот рок и даден во правната поука во решението на Управниот суд.

Со оглед на претходното, согласно член 14 став 1 од Законот за управните спорови (“Службен весник на Република Македонија“ број 96/2019),

а во врска со член 323 став 2 и 333 од Законот за парничната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015), се изврши укинување на клаузулата на правосилност на Решението на Управниот суд У-6.бр.690/2021 и У-6.бр.690/2021 од 22.07.2021 година, како што е наведено во изреката на ова решение.

Решено во Управен суд на 09.09.2021 година, под У-6.бр.690/2021 и У-6.бр.690/2021.

Записничар - виш судски соработник
Моника Китановска

Претседател на совет - Судија
м-р Дитурије Елези Незири

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истото, преку овој суд до Виш управен суд.

Решението да се достави на:
- тужител, Влада на Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- тужен, Државната комисија за жалби по јавни набавки,
- з.л., „СТРАТИЛАТ" ДООЕЛ Кичево,
- з.л. „ТС ВАЈД ЛАИФ" ДООЕЛ Скопје

Претседател на совет - Судија
м-р Дитурије Елези Незири

Точноста на преписот
со оригиналот го потврдува
Судски службеник